# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО „ПРОГРАМСКА МУЗИКА ЗА СОЛО ФЛЕЈТА НА 20 ВЕК" ОД ДОЦ. М-Р ЗЛАТКА МИТЕВА, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1902-82/9 од 28.5.2014 г., на редовна седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија одржана на 27.5.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Владимир Лазаревски, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Музичка академија;
- доц. д-р Бранко Павловски, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Музичка академија,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**Програмска музика за соло флејта на 20 век**" од **доц. м-р Златка Митева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Музичка академија птри Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Музичка академија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Извештајот на рецензијата може да изнесува најмногу 10 (десет) пишани А4 формат страници со нормален проред. Рецензијата треба да ги содржи следниве податоци.

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за скриптата со наслов „Програмска музика за соло флејта на 20 век" од авторот доц. м-р Златка Митева е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Флејта со оркестарски делници 1 и предметот Флејта со оркестарски делници 2 кои се изучуваат на Вокално-инструменталниот оддел, насока Флејта на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на прв циклус додипломски студии во прв и втор семестар со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

**Податоци за обемот ракописот:** Овој ракопис е составен од 5 глави во 24 страници и секоја за себе разработува проблематики кои припаѓаат на програмската музика.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Музичката академија. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и голем број нотни примери даваат можност за успешно следење и подготвување на студентот по предметот Флејта со оркестарски делници.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретскиот и практичниот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое во целост ги опфаќа сите проблематики за програмската музика. Во ракописот авторот ги истакнува техничките проблематики и процесот на усовршување на техничките проблеми, разбирање на формата програмска музика, која е многу застапена во флејтовиот репертоар. Овој ракопис претставува систематично и логично пренесување на сè што ќе биде основа за студентите по предметот флејта со оркестарски делници, а и советник за правилно интерпретирање на програмските пиеси за флејта. Овој ракопис е составен од 5 глави, а секоја за себе разработува проблематики кои припаѓаат на програмската музика.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот ракопис претставува одлична основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на теоретските и практичните барања по предметот Флејта со оркестарски делници. Ракописот „Програмска музика за соло флејта на 20 век“ од доц. м-р Златка Митева е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план на предметот Флејта со оркестарски делници 1 и Флејта со оркестарски делници 2 на Музичката академија за студентите од Вокално-инструменталниот оддел.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишана според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Програмска музика за соло флејта на 20 век“ од доц. м-р Златка Митева да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Владимир Лазаревски, с.р.**
**Доц. д-р Бранко Павловски, с.р.**